УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3

БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

---

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 ISSN 1857- 8659

# Table of Contents

## Articles

**С О Д Р Ж И Н А**

78: 316.7 78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ...............................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ .......................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел ......................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р Тихомир Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000).................................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ...................................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми при пијанистичката интерпретација ...........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици .......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ..................................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип ..........................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување .......................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ...................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево ......................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација ......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците .......................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле ............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец ...................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ...........................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051

Асс. м-р Ленче **НАСЕВ**

# УЛОГАТА НА СЕМЕЈСТВОТО, НАСТАВНИКОТ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И УЧЕБНИКОТ ВО ОТКРИВАЊЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

## *Вовед*

Музиката преку своите изразни средства силно влијае врз развојните способности на детето уште од најмала возраст. Педагозите, психолозите и музичарите чии истражувања се поврзани со музичката надареност на учениците често ги користат термините: музикалност, музички способности, музички талент.

Под музикалност најчесто се подразбира способност за реагирање на музиката, чувство за естетска и афективна вредност на музиката, како и способност за разбирање, доживување и вреднување на музиката (Požgaj,j, 1988). Музикалноста како и останатите физички и психички својства кај сите деца не се развива подеднакво.

Поаѓајќи од барањата на современото општество се повеќе се создава потреба во рамките на семејството и училиштето за навремено препознавање, насочување, следење, истакнување и претставување на музички талентираните деца. Од таа причина, при реализирањето на воспитно - образовниот процес, неопходен е индивидуален пристап кон овие ученици, кој ќе се оствари меѓу другото и со помош соодветни наставни средства - учебници.

## Музикалните способности на детето и улогата на семејството

Денешното „современо“ дете, музички се развива под поинакви услови од децата пред дваесет, триесет и повеќе години. Брзиот развој на техничките средства, на репродуцирање на музиката, условуваат значајно поширок и поразновиден контакт на детето со музичката литература од разновиден карактер. Тие допири со музиката од сите видови и форми примарно се развиваат во рамките на семејството.

Музикалноста кај децата може да се забележи уште од најраната возраст. Уште во првата година кога детето се уште е неспособно да репродуцира тонови на одредена висина, тоа со напрегнато внимание реагира на свирењето или пеењето. Способноста за восприемање на

музиката, се појавува пред способноста за репродуцирање на музичките елементи и форми.

Во текот на втората година се појавува способноста на мелодизирање. Детето со своето пеење ја „погодува“ висината на поедини тонови и ги репродуцира мелодиските делови. Тоа репродуцирање вообичаено се јавува при взаемното пеење со возрасните.

Со развојот на говорот се јавува и спонтаното мелодизирање. На почетокот како основен мотив на детската мелодија се јавува интервалот надолна мала терца. Околу него се развива мелодиска линија во повеќе варијанти. Чувството за ритам детето најчесто го изразува преку движења на рацете, нозете, главата или телото. Тонската градба на детската мелодија е проширена во пентатонски низ: g1 (сол1) -a1 (ла1) - g1 (сол1) - e1 (ми1) - d1 (ре1) - c1 (до1).

Во третата и четвртата година, детето вообичаено може непотполно да ја разбере содржината на текстот на поголем број песни, па неговото воодушевување кон слушањето е предизвикано во прв ред од музичките впечатоци. Карактеристичните места на мелодијата тоа ги меморира. Понекогаш при нивното репродуцирање вметнува промени. Помалку карактеристичните делови на мелодијата во најголем број случаи при пеењето преминуваат во рецитирање.

Во петтата година детето најчесто со разбирање го усвојува текстот на рефренот. Забележителна е цврстата поврзаност на мелодијата и зборот (Požgaj, 1975).

Целите, очекувањата и односот на родителите кон музички талентираното дете на почеток започнуваат преку воочување на неговото „убаво“ пеење. Во зависност од музичко - психолошките способности на детето, и семејното опкружување, се развива темпото и нивото на музичките постигнувања. Напредокот зависи од конкретно насочени активности, поврзани со низа одрекувања, кои неизбежно влијаат врз меѓусебниот однос во семејството. Улогата на семејството е од големо значење при поттикнувањето и негувањето музичкиот талент. Со помош на родителска поддршка поткрепена со одговорност, кај детето може да се иницираат ефикасни постигнувања кон кои тоа ќе стане потполно свесно (Koren, 1990).

## Улогата на наставникот по Музичко образование во откривање и поттикнување на музички талентираните ученици

Во Република Македонија децата во училишниот општо - образовен систем се вклучуваат од својата шеста година. Според Законот за основно образование од 2008, тој трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди: од I до III, од IV до VI и од VII до IX одделение. Музичкото образование како задолжителен предмет е застапен во сите одделенија од I до IX одделение. Со воведувањето на Концепцијата на деветгодишно образование во 2007 предвидено е овој предмет да се изучува од I до V одделение со два часа неделно, додека од VI до IX одделение со еден час неделно.

Целта на воспитно - образовната настава по предметот Музичко образование е да ги развива и негува музичките способности на ученикот за активно доживување и разбирање на музиката. Во наставните програми од I до IX одделение, предвидено е преку пеење, свирење на детски музички инструменти, ритмичка придружба во музичките игри и слушање музика кај учениците постепено да се развијат музичките, естетските и психофизичките способности.

Во современата настава, наставникот ја има централната улога и влијание во откривањето, поттикнувањето и развојот на музички талентираните ученици. Покрај тоа, неговата улогата е интегративна, бидејќи тој со своето делување ги поврзува различните развојни контексти: семејството, возраста и училиштето.

Наставниците, како и родителите, се највлијателните личности во раниот период на музичкиот развој. Тие се модели за учење и клучни „промотори“ на мотивациониот развој на ученикот во добра и лоша смисла. Сложеноста на улогата на наставникот кој работи со млади и талентирани ученици се состои и во преклопување на неговите улоги како наставник, експерт, водач, советник, пријател и нивен пример.

Прашањето за проценување на квалитетот на музичката надареност е многу комплексно. Наставникот треба да биде подготвен на бројни предизвици. Менторскиот однос е еден од начините да се излезе во пресрет на талентираните ученици во современата настава.

Во секоја генерација ученици постои одреден број на поединци кои можеме да ги издвоиме во категоријата на таленти. Музичките способности претставуваат примарен фактор за музичкиот талент на учениците.

Тие претставуваат основа за ефикасност во изведувањето на музичките активности, стекнувањето на музичките знаења и изведувачките вештини. Меѓу големиот број на карактеристики според кои музички талентираните ученици се издвојуваат од останатите се следниве: да имаат чувство за ритам; да поседуваат чувство за висина на тоновите; да имаат развиена музичка перцепција, меморија и зрелост при исполнувањето на музичките задачи (пеење или свирење); лесно да ги совладуваат сложените музички задачи; да го разбираат значењето на музичките поими итн.

Современиот наставник треба да го следи секој ученик, со цел навреме да ги открие, поттикне и развие неговите музички способности. Често пати поради инертноста на наставникот учениците кои имаат диспозиција кон музиката се запоставени, па талентот кој го поседуваат останува игнориран.

**Учебникот како средство за поттикнување на музички талентираните ученици**

Познато е дека „една музичка содржина за сите" не може да ги задоволи потребите на оние ученици кои парлелно посетуваат Основни музички училишта, бидејќи дадените примери за нив се премногу едноставни. Од друга страна за одредена возраст тие може да претставуваат тешкотија.

Во Република Македонија во рамките на општото основно образование сеуште постои т.н. „подеднаква настава за сите" по музичко образование која се изведува од „традиционални" учебници конципирани по принципот „да ги задоволат потребите на учениците од иста возраст", а не поединецот. При анализа на содржината во печатените учебници по Музичко образование издадени по Втората светска војна, можеме да забележиме дека тие целосно не ги задоволуваат индивидуалните и реалните потреби на талентирните ученици (Коларовска-Гмирја, 1998).

Во учебниците е забележителена потребата од избор на поголем број песни, како и застапеност на музички содржини со тематика која ќе претставува мост за интердисциплинарно поврзување на музиката со останатите предмети како на пр: македонски јазик, математика, физичко образование, ликовно образование и др. Преку воведување на музички содржини со различен степен на тежина, наставникот ќе има повеќе средства за откривање и следење на индивидуалните способности на секој ученик, што е еден од основните императиви на современото образование - индивидуализација на наставата и индивидуализиран пристап на секој

ученик. На тој начин преку активно исполнување на наставата, позитивно ќе се влијание врз збогатувањето на психичко - емоционалното доживување и развивањето на музикалноста, музичката меморија, вниманието, креативниот потенцијал.

Исто така, неопходно е во учебниците да постојат примери кои ќе нудат неколку варијанти на обработка на песни, како и дидактички музички игри. Преку нив на наставникот ќе му биде овозможено слободно да го избере видот и варијантата на песната во зависност од составот на одделението (број на учениците, пол итн.), потребите и навиките на учениците, нивното ниво на музички способности што ќе придонесе да се поттикнат музички талентираните ученици.

**Заклучок**

Музикалноста може да се препознае уште од најмала возраст. Откривањето и поттикнувањето на музички талентираните ученици е процес во кој се вклучени семејството, училиштето и општествената средина. Семејството е еден од клучните општествени фактори во развојот на музички талентираните ученици.

Улогата на наставникот во откривањето и поттикнувањето на секој ученик исто така е исклучително важна. Современиот наставник треба индивидуално да го следи музичкиот развој на учениците. На тој начин ќе се овозможи секој ученик да напредува со сопствено темпо при усвојување на музичките содржини.

Во процесот на стекнување на музички знаења во рамките на образовниот систем, учебникот е примарно наставно средство. Со цел да се надминат недостатоците во постојните учебници, како основен концепт на новите современи учебници по Музичко образование потребно е вклучување на поголем број песни со различна тематика, како и дидактички музички игри кои ќе овозможат да се задоволат индивидуалните потреби на учениците.

**Користена литература**

Gradić, R. Letić, M. (2008). Porodica kao faktor podsticanja darovitosti, *Zbornik radova br.14*, *Vršac, Visoka škola strukovih studija za obrazovanje vaspitanja,* 184-197.

ЗАКОН ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (2008). *Службен весник на Република Македонија број 103 од 19. 08.2008 година*. Прочитано на 24 декември 2009. ww.mon.gov.mk

Којов - Буквић, И. (1989). *Методика наставе музичког васпитања*. Београд. Завод за уџбенике и наставна средства.

Коларовска-Гмирја, В. (1998). Проблеми на почетната музичка настава и нивнот одраз во учебниците за почетното музичко воспитание и образование во Република Македонија (По Втората светска војна*)*, (магистерски труд, *ракопис*), Скопје, ФМУ,

Koren, I. (1990). *Nastavnik i nadareni učenici*. Beograd. Arhimedes.

Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието. (2007). *КОНЦЕПЦИЈА за деветгодишно основно образоваие и воспитание*. Скопје.

Плавша, Д. (1961). *Моје дете и музика*. Београд. Народна књига.

Požgaj, J. (1988). *Metodika nastave glazbene kulture u osnovnoj školi*. Zagreb. Školska knjiga.

Požgaj, J. (1975). *Metodika glazbenog odgoja u osnovnoj skoli*. Zagreb. Prosvjetni sabor Hrvatske.